# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 септември 2022 | Излегува по потреба | Година XVII | број 10



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ -
ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП
"ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/1
од 30 септември 2022 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог-Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, бр.01-124/1 од 24.08.2022 година, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-125/3 од 26.08.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година, бр.01-124/1 од 24.08.2022, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-125/3 од 26.08.2022 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Се задолжува в.д.директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година и во законски определениот рок да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/3**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА "ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЌ"**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/2**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ", ("Службен гласник на Град Скопје" бр.11/22), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА "ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЌ"**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ".

**Член 2**

Проценетата вредност за реализација на соработката од членот 1 од оваа одлука, изнесува 7.800.000,00 (седуммилионииосумстотиниилјади) денари со вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 7.300.000,00 (седуммилиониитристаилјади) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Општина Гази Баба во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 500.000,00 (петстотиниилјади) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, како и со изработка на техничка документација и решавање на можните имотно - правни односи.

Средствата од ставовите (2) и 3 од овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведува ЈП "Улици и патишта" - Скопје, за што Град Скопје ќе склучи договор за реализација на работите.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/4**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА" - 2007 - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/3**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 а во врска со член 64 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО<br>КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР<br>НА ЈКП "ГАЗИ БАБА" - 2007 - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје му се дава на трајно користење без надомест недвижна ствар (опожарена деловна просторија во руинирана состојба) во вкупна површина од 389 м², која се наоѓа на место викано "Орман", на КП 439/1 КО Трубарево, запишана во Имотен лист број 5549, сопственост на Општина Гази Баба, и тоа:

- зграда бр.2, влез 01, кат МА, број 1, намена на дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 39 м²; и
- зграда бр.2, влез 01, кат ПР, број 1, намена на дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 350 м².

**Член 2**

Општинската администрација преку администраторот на имотниот регистар на општината со записник ќе изврши предавање на недвижната ствар во владение, помеѓу Општина Гази Баба и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно составен записник за предавање во владение од член 3 од оваа одлука, со в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје да склучи договор за отстапување на трајно користење без надомест на недвижната ствар, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижната ствар.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/22).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/5**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "МАКСТИЛ" АД СКОПЈЕ И ДАВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА СОГЛАСНОСТ НА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Макстил" АД Скопје и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/4**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "МАКСТИЛ" АД СКОПЈЕ И ДАВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА СОГЛАСНОСТ НА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "Макстил" АД Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата наменета за уредување на првиот мултифункционален парк со детско игралиште во населба Маџари, односно набавка и монтажа на детски реквизити, фитнес опрема, уредување на просторот и тревникот околу паркот со зеленила, листопадни дрвја, како и заштитна ограда околу паркот, се состои од:

- Набавка на тревно семе и изработка на тревник/м2 во вкупен износ од 295.000,00 денари со вклучен ДДВ, набавени од Друштво за производство, трговија и услуги - "Флора Квин ДООЕЛ Скопје";
- Набавка, траспорт и садење на листопадни дрва во вкупен износ од 141.600,00 денари со вклучен ДДВ, набавени од Друштво за производство, трговија и услуги - "Флора Квин ДООЕЛ Скопје";
- Набавка и монтажа на фитнес парк во вкупен износ од 433.296,00 денари со вклучен ДДВ, набавени од Друштво за производство, трговија и услуги - "Флора Квин ДООЕЛ Скопје"; и
- Набавка, транспорт и монтажа на ограда во вкупен износ од 211.479,00 денари со вклучен ДДВ, набавени од Друштво за производство, трговија и услуги - "Флора Квин ДООЕЛ Скопје".

**Член 3**

Советот на Општина Гази Баба дава дополнителна согласност на склучениот договор за донација помеѓу дателот и примателот на донацијата, заведен во деловодната книга на општината под бр.03-5382/1 од 14.09.2022 година.

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/6**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5685/5**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во согласност со Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/21 и 5/22), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува постапката за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба.

### Член 2

**(1)** Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно со пресметан персонален данок на доход.

**(2)** Стипендијата се исплаќа од 1-ви до 5-ти во текот на месецот за претходниот месец, девет месеци непрекинато во текот на учебната година, почнувајќи од месец септември.

**(3)** Стипендиите се исплаќаат од посебна Програма на Буџетот на Општина Гази Баба**.**

**(4)** Со Програмата од ставот (3) на овој член се определуваат средствата и бројот на талентираните ученици и учениците спортисти кои ќе добијат стипендија.

### Член 3

**(1)** Општина Гази Баба доделува стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти по барање на еден од родителите или старателите, врз основа на Јавен повик.

**(2)** Јавниот повик се објавува на 1 (први) септември на веб-страницата на Општина Гази Баба, доколку не е поинаку определно со овој Правилник.

**(3)** Јавниот повик трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.

### Член 4

**(1)** Барањата за стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти се поднесуваат во архивата на Општина Гази Баба, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.

**(2)** Барањата за стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти се поднесуваат во затворен плик со назнака "Барање за стипендија за талентиран ученик" или "Барање за стипендија за ученик спортист", на кој пишува "Не отворај".

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБИВАЊЕ СТИПЕНДИИ

### Член 5

**(1)** Право на стипендија може да остварат и повеќе ученици од едно семејство, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со овој Правилник.

**(2)** Доколку талентираниот ученик или ученикот спортист добие стипендија согласно овој Правилник, не може да добие финансиски средства од други јавни повици за стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти на Општина Гази Баба.

**Член 6**

**(1)** Право на доделување стипендија на талентиран ученик и ученик спортист има секој редовен ученик кој ги исполнува следниве услови:

**(1.1)** да е запишан во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

**(1.2)** да не прима друг кредит или стипендија од Општина Гази Баба или од друг давател, и

**(1.3)** да има континуирано одличен успех.

**(2)** Право на доделување на стипендија на ученик спортист, покрај условите од потточките (1.1) и (1.2) на овој член, треба да ги исполнува и следните дополнителни услови:

**(2.1)** да е член на здружение за спорт или индивидуален спортист, и

**(2.2)** да се бави активно со спорт.

**Член 7**

**(1)** Со барањето за стипендија, талентираните ученици и учениците спортисти ги приложуваат следните документи:

**(1.1)** оригинал или копија од уверение за упис на тековната учебна година како редовен ученик,

**(1.2)** за сите полнолетни членови на семејството на ученикот да се достави потврда за висината на последната плата за вработените, за пензионерите последен чек од пензија, а за невработените лица потврда за невработенест од завод за вработување,

**(1.3)** нотарски заверена изјава за бројот на членовите на семејството и дека подносителот на барањето не прима стипендија или кредит од Општина Гази Баба или од друг давател.

**(2)** Со барањето за стипендија, учениците спортисти ги приложуваат и следните документи:

**(2.1)** оригинал или копија од тековна состојба на здружението за спорт издадена од Централниот регистар во кој членува односно спортува, и

**(2.2)** потврда дека ученикот спортист членува во здружението за спорт.

**Член 8**

Доделувањето на стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти се врши врз основа на критериуми утврдени со овој Правилник.

**Член 9**

Критериумите за доделување стипендија за талентиран ученик се бодираат за успех во образование и материјално - социјалната положба на семејството на следниот начин:

**(1)** За успех во образованието се добиваат:

**(1.1)** 25 бодови за одличен успех со просечна оценка 5.00,

**(1.2)** 20 бодови за одличен успех,

**(1.3)** 15 бодови за многу добар успех,

**(1.4)** 10 бода за добар успех, и

**(1.5)** 5 бода за доволен успех.

**(2)** За материјалната и социјалната положба според основните приходи по член во семејството се добиваат:

**(2.1)** 25 бода за корисници на социјална помош,

**(2.2)** 20 бода до 3.000,00 денари по член во семејството,

**(2.3)** 15 бода до 5.000,00 денари по член во семејството,

**(2.4)** 10 бода до 7.000,00 денари по член во семејството, и

**(2.5)** 5 бода над 7.000,00 денари по член во семејството.

**(3)** За освоени награди се добиваат:

**(3.1)** 25 бода за освоени награди на меѓународни (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

**(3.2)** 20 бода за освоени награди на државни (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

**(3.3)** 15 бода за освоени награди на градски (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука, и

**(3.4)** 10 бода за освоени награди на општински (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука.

**Член 10**

Критериумите за доделување стипендија за ученик спортист се бодираат според следните дефинирани класи и остварени резултати во тековната учебна година:

**(1)** 50 бодови за:

**(1.1)** државни репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле медали на светски првенства до 7-мо место,

**(1.2)** државни репрезентативци во екипни спортови кои освоиле медали на светски првенства и се пласирале во четвртфинале на клупско првенство,

**(1.3)** државни репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле медали на европско првенство, и

**(1.4)** државни репрезентативци во екипни спортови кои освоиле медали на европско првенство и се пласирале во четвртфинале на клупско првенство.

**(2)** 40 бодови за:

**(2.1)** државни репрезентативци во индивидуални и екипни спортови кои освоиле медали на Балканско првенство, и

**(2.2)** државни репрезентативци кои во други официјални натпревари поставиле државни рекорди,

**(3)** 30 бодови за:

**(3.1)** спортисти репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле првенство или КУП на Македонија, или меѓународен турнир од 1 (прво) до 3 (трето) место, и

**(3.2)** спортисти во екипни спортови кои освоиле првенство или КУП на Македонија, или меѓународен турнир од 1 (прво) до 3 (трето) место, прогласени за најдобри поединци.

**(4)** 20 бодови за спортисти во индивидуални и екипни спортови кои не освоиле првенство или КУП на Македонија но, со резултатите кои ги постигнале, се стекнале со право на учество во меѓународни службени натпревари.

**(5)** 10 бодови за спортисти учесници во училишни спортски игри во организација на Општина Гази Баба во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња и пинг-понг кои се прогласени за најдобри поединци.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ

**Член 11**

**(1)** Изборот на талентираните ученици и учениците спортисти за доделување стипендии го врши Комисија составена од претседател и 4 (четири) члена.

**(2)** Претседателот и членовите на Комисијата ги именува и разрешува градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

**(3)** Комисијата работи на седници кои ги свикува претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно работење на Комисијата.

**(4)** За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**(5)** Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 12**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

**(1)** го распишува јавниот повик за прибирање барања за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти,

**(2)** ги отвара и разгледува пристигнатите барања за стипендии без присуство на барателите,

**(3)** донесува Одлука за доделување на стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти според бодовите врз основа на критериумите утврдени во овој Правилник, која ја доставува до градоначалникот на Општина Гази Баба, и

**(4)** врши други работи и задачи по прашањата за кои е формирана.

**Член 13**

**(1)** Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на Јавниот повик.

**(2)** Некомплетните и ненавремено доставени барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

**(3)** Во случај на ист број на бодови предност има ученикот кој имал освоено повеќе бодови од успехот (просек на оцените до втора децимала).

**(4)** Комисијата го задржува правото доколку има повеќе подносители на барање со ист број бодови, да побара и дополнителна документација.

**(5)** Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на стипендисти, Одлуката ја објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Член 14**

**(1)** Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до градоначалникот на Општина Гази Баба преку Комисијата во архивата на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**(2)** По жалба решава градоначалникот. Неговата одлука е конечна.

**Член 15**

По конечноста на сите жалбени постапки, Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти, ја потпишува градоначалникот на Општина Гази Баба и се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Член 16**

Во рок од 5 (пет) дена по објавата на Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти на веб-страницата на Општина Гази Баба, градоначалникот на Општина Гази Баба склучува договор за стипендирање, со еден од родителите или старателите на талентираниот ученик и ученикот спортист со кој се уредуваат правата и обврските на родителот односно старателот на стипендистот и Општина Гази Баба.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Јавниот повик за учебната 2022/2023 година се објавува најдоцна во рок од 5 (пет) дена од влегувањето во сила на овој Правилник.

**Член 18**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат: Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на стипендии на талентирани ученици од територијата на Општина Гази Баба за учебната 2013/2014 година, Критериумите за доделување стипендии за талентирани ученици од Буџетот на Општина Гази Баба и Критериумите за доделување стипендии за ученици спортисти од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 19**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5526/7**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5685/6**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 142 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22), член 22 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Претставници во Советот за социјална заштита на Општина Гази Баба се:

1. Претставник од одделението за превенција при МВР - СВР Скопје;
2. Претставник од ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје;
3. Претставник од ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје;
4. Претставник од Црвен крст на РМ, општинска организација - Гази Баба;
5. Претставник од СОС Детско село - Скопје;
6. Претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје;
7. Претставник од ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
8. Претставник од ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
9. Претставник од општинската администрација на Општина Гази Баба; и
10. Претставник од општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Целта на формирање на Совет за социјална заштита на Општина Гази Баба е учество во активности за градење на капацитети за равој на социјалните услуги на локално ниво.

**Член 4**

Советот за социјална заштита на Општина Гази Баба изготвува социјален план за подрачјето на општината, кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.

**Член 5**

Главна цел на социјалниот план е да се согледа актуелната демографска и социо-економска состојба во општината и врз основа на тоа да се креираат и подржуваат локални политики, што се засноваат и одговараат на потребите на жителите на општината.

**Член 6**

Податоците од социјалниот план ќе бидат составен дел на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за секоја тековна година.

**Член 7**

Се задолжува општинската администрација да ги информира субјектите од членот 2 од оваа одлука, со цел определување на претставници во Советот за социјална заштита на Општина Гази Баба.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5526/8**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/7**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 33 став 1 од Законот за финансирање на единицата на локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11и 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Гази Баба на 16 та седница одржана на 28.09.2022 година донесе :

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **J40** | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JL0** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 489190 | Капитални субвенции за други јавни нефинансиск | -1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување на Службен Гласник на Општина Гази Баба и станува составен дел на Буџетот за 2022 година

Бр. 09-5526/9
28.09.2022

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА<br>ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР<br>НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/8**<br>**од 30 септември 2022 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (16) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Во Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/21), во член 1 став (1) зборовите "НАДА СПАНЏЕВСКА", се заменуваат со зборовите **"МАРЈАН БОГОЈЕВСКИ"**.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/10**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - ДЕЛ ОД ПРИХОД ОД КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5685/9**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 точка 2 алинеја 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 15 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/21), член 33 и член 37 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04 и 158/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - ДЕЛ ОД ПРИХОД ОД КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ЈКП "ГАЗИ БАБА" - 2007 - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје му се пренесуваат финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување за секој месец во тековната година.

Приходот по основ на комунална такса за јавно осветлување е во сооднос 75% за Општина Гази Баба и 25% за Град Скопје, врз основа на закон.

### Член 2

Финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување за секој месец во тековната година, ќе започнат да се трансферираат од приходот по основ на комунална такса за јавно осветлување за месец август 2022 година.

### Член 3

Финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување за секој месец во тековната година, ќе се користат исклучиво и само за плаќање на сметки за потрошена електрична енергија за јавно осветлување, на име на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 4

Се задолжува ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, во разумен рок да го прилагоди статутот на претпријатието со одредбите од оваа одлука, доколку за тоа има потреба.

### Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ги превземе сите неопходни правни дејства и да ги склучи сите неопходни правни дела, за извршување на оваа одлука.

### Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5526/11**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5685/10**
**од 30 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 1 алинеја 2 и член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.6/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на 28 септември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА**
**ПОМОШ НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, за помош на фудбалски клуб Скопје.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од 500.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, ставка 413 - постојана и тековна резерва.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на жиро сметка на ФК Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5526/12**
**од 28 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2023 година . . . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Христофор Жефаровиќ" . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за примање на донација од "Макстил" АД Скопје и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација . . . . . . . . . . 8

**ПРАВИЛНИК** за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба . . . 10

**ОДЛУКА** за формирање на Совет за социјална заштина на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 16

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година . . . . . . . . . 19

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 21

**ОДЛУКА** за пренесување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба - дел од приход од комунална такса за јавно осветлување, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . 23

**ОДЛУКА** за доделување на финансиска помош на фудбалски клуб Скопје; . . . . . . . . . . 25

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 10/22**
**16 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци